## ПРЕДЛОГ

## ЗА ИЗБОР ВО ПОЧЕСНО ЗВАЊЕ ПРОФЕСОР ЕМЕРИТУС НА ИНТЕРНАЦИОНАЛНИОТ УНИВЕРЗИТЕТ ЕУРОПА ПРИМА ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 185 од Законот за високо образование („Службен весник на РМ“ бр. 82/18) и член 181 од статутот на Интернационалниот универзитет Еуропа Прима во Скопје, Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за театарски уметности при Интернационалниот универзитет Еуропа Прима во Скопје, на седницата одржана на ден 19.4.2023 година, донесе Одлука со која не избра за членови на Рецензентската комисија за избор во почесно звање Професор емеритус на Интернационалниот универзитет Еуропа Прима.

Заблагодарувајќи се на довербата, формиранатa Рецензентска комисија, во состав:
**Проф. д-р Александар Трајковски**, Факултет за применета музика при ИУ Еуропа Прима, претседател, **проф. м-р Дејан Пројковски,** Факултет за театарски уметности при ИУ Еуропа Прима, член, **проф. м-р Гоце Ристовски,** Факултет за театарски уметности при ИУ Еуропа Прима, член, **проф. д-р Маја Јакимовска-Тошиќ,** Институт за македонска литература при УКИМ, член и **проф. д-р Ана Мартиноска**, Институт за македонска литература при УКИМ, член,
врз основа на увидот во документите, има чест на Ректорската управа на Интернационалниот универзитет Еуропа Прима – Скопје, да ѝ го поднесе следниов:

## ИЗВЕШТАЈ

Јордан Плевнеш е поет, драматург и романсиер. Роден е на 29 октомври 1953 во Слоештица, демирхисарско. Основно училиште завршил во Демир Хисар, средно во Битола, а високо образование на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, каде што и магистрира на Филолошкиот факултет, на тема „Македонската народна драма“. Во 1975 година станува уредник на културната рубрика во „Студентски збор“ а од 1980 до 1985 година е уредник во Издавачката куќа „Мисла“. Во периодот од 1985 до 1988 година работи како асистент на Институтот за литература во Скопје. Подоцна предава креативно пишување на повеќе европски и американски универзитети, а од декември 2000 до 2005 година беше амбасадор на Македонија во Франција, Шпанија, Португалија и при УНЕСКО. Во 2005 година станува потпретседател на Интернационалната асоцијација на УНЕСКО за дијалог меѓу цивилизациите, а од 2008 до 2020 година, е ректор на Интернационалниот универзитет Еуропа Прима.

Драмите на  Плевнеш се објавувани и изведувани во над триесетина земји во светот. Пишува на македонски и француски јазик, а преведува од српскохрватски, грчки и француски јазик. Прва негова публикувана книга е  збирката поезија „Теорија на отровот“, објавена 1980, по што следуваат драмите „Еригон“, „Мацедонише цуштенде“, „Југословенска антитеза“, „Р“, „Подземна република“, „Безбог“ , Среќата е нова идеја во Европа“ , „Последниот ден на Мисирков“, „Глобална комедија“ и други. Романот „Осмото светско чудо“ е негов прв роман, објавен  2005 година. Добитник е на наградите „Студентски збор“, наградата за најдобар драмски текст на XIII МЕСС во Сараево, на вонредната награда на „Стерино позорје“ – Нови Сад, за драмата „Подземна република“ изведена од Битолскиот театар, високата награда на Националниот центар за книжевност на Франција за драмата „Среќата е нова идеја во Европа“, интернационалната награда на франкофонијата „Сребрен јасмин“, во 2004 година, за целокупното негово творештво, а во 2008 година Претседателот на Р. Франција му ја врачи високата француска награда „Офицер на книжевностите и уметностите“. Во 2015 година за драмата „Кирил и Методиј – Who are you?“ на Европскиот театарски фестивал во Букурешт ја добива наградата Гран При на НЕТА. 2021 година Француската академија му ја доделува наградата Гран При за животно дело.

Академик  Јордан Плевнеш, претседател на Academia Balkanica Europeana,  е добитник и на многу други домашни и меѓународни книжевни признанија  и награди, меѓу кои наградата за животно дело „Свети Климент Охридски“.

**ЗАКЛУЧОК**

Врз основа на приложената документација и личното познавање на кандидатот проф. Јордан Плевнеш, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува неговата наставно-образовна, научно-истражувачка и стручно-апликативна дејност, како и дејноста од поширок интерес. Комисијата заклучи дека кандидатот особено се истакнал со својата научна и уметничка дејност, стекнал меѓународна репутација и постигнал значајни резултати во развојот и афирмацијата на Интернационалниот универзитет Еуропа прима и целосно ги исполнува условите да биде избран во почесно звање Професор емеритус.

Според горенаведеното, Рецензентската комисија има чест да ѝ предложи на Ректорската управа на Интернационалниот универзитет Еуропа Прима во Скопје, кандидатот **проф. Јордан Плевнеш** да биде избран во почесното звање **Професор емеритус**.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Александар Трајковски, претседател

_______________________________________

Проф. м-р Дејан Пројковски, член

_______________________________________

Проф. м-р Гоце Ристовски, член

_______________________________________

Проф. д-р Маја Јакимовска-Тошиќ, член

_______________________________________

Проф. д-р Ана Мартиноска, член

_______________________________________

Скопје,28.04.2023 г.